# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXIX

Декември 2016 г.

## ИМАМ ПРАВО

### НА ПРИСТАПНИ УСЛУГИ

ЗА МАШКО СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

*Кемал Целадини*

**Facebook кампања на Платформата за сексуално и репродуктивно здравје и права на лица со попреченост**



**СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ**

## СОДРЖИНА

2 страна
***Порака од Генералниот секретар на ОН по повод 3 декември***

3 страна
***Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА за одбележување на 3 декември***

4 и 5 страна
***Централна манифестација за одбележување на 3 декември***

6 страна
***Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД***

6 и 7 страна
***Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во европски проекти***

8, 9 , 10, 11 и 12 страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА за одбележување на 3 декември на локално ниво***

13, 14 и 15 страна
***Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

16 страна
***Наша страница - Официјално отворање на социјалниот клуб во Демир Хисар***

*“ПОРАКА”*
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

*Главен и одговорен уредник:*
**Виолета Димоска**

*Уредувачки одбор:*
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

*Печати:*
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2016 г. Број 4, год. XXIX**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

# ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ОБЕДНИЕТИТЕ НАЦИИ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ, МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Пред точно десет години, Генералното собрание на Обединетите нации, ја усвои Конвенцијата за правата на лица со попреченост. Како еден од најшироко ратификуваните меѓународни инструменти за човекови права, со 169 држави потписнички, Конвенцијата поттикна на значаен напредок во заложбите и акциите за еднаквост, вклучување и зајакнување низ светот, при што попреченоста се повеќе се инкорпорира во глобалните агенди за човекови права и развој.

Оваа година, државите членки на Обединетите нации започнаа со имплементација на 2030 Агендата за одржлив развој, нашиот план за мир, просперитет, достоинство и можности за сите на здрава планета. Со своите 17 взаемно зависни одржливи развојни цели, 2030 Агендата се заснова на заложба да не се остави никој назад. За тоа да се постигне потребно е целосно вклучување и ефективно учество на лицата со попреченост во општеството и во развојот.

Уште многу треба да се постигне пред да се каже дека лицата со попреченост можат да го реализираат нивниот целосен потенцијал како еднакви и вреднувани членови на општеството. Мора да ги елиминираме стереотипите и дискриминацијата кои ги овековечуваат нивното исклучување и да градиме пристапна, поттикнувачка и инклузивна средина за сите. Со цел 2030 агендата да успее, ние мора да ги вклучиме лицата со попреченост во имплементацијата и мониторингот и да ја користиме Конвенцијата како водич.

На овој меѓународен ден на лицата со попреченост, ги повикувам националните и локалните власти, бизнисмените и сите актери во општеството да ги интензивираат напорите за ставање крај на дискриминацијата и на отстранување на пречките кои произлегуваат од опкружувањето и ставовите, а им попречуваат на лицата со попреченост да ги уживаат нивните граѓански, политички, економски, социјални и културни права. Заеднички да работиме за целосно и еднакво учество на лицата со попреченост во инклузивен и одржлив свет кој го прифаќа човештвото со сета своја разноличност.

CRPD10YEARS
disability rights are human rights

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лица со попреченост на национално ниво

## Отворен ден на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, организираше **Отворен ден на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје во населба Аеродром. Отворениот ден се одржа на 2.12.2016 година (петок) со почеток од 11:00 часот во просториите на дневниот центар на бул. "Јане Сандански" бр. 70, локал 1.**

Отворениот ден се организираше со цел да се подигне степенот на познавање и разбирање на потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и да се зголеми свеста за позитивните придобивки од нивното вклучување во секојдневниот живот на заедницата. Во текот на отворениот ден беа презентирани активностите на дневниот центар – ПОРАКА Скопје, а присутните имаа можност да се дружат со корисниците на дневниот центар.

Во рамките на Отворениот ден, **РЦПЛИП – ПОРАКА врачи 3-то Декемвриска ПЛАКЕТА на Град Скопје,** *како израз на признание за континуираната соработка и поддршка на програмските активности на двата дневни центри за лица со интелектуална попреченост на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје.*



„Градот Скопје секоја година финансиски ги поддржува двата Дневни центри за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, за социјализација и интеграција на лицата над 18 години со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој во местото на живеење. Поддршката од Градот Скопје ќе продолжи и во 2017 година, и во буџетот на Градот се предвидени вкупно 3 милиони денари за двата Дневни центри, но се предвидени и средства за поддршка на нови дневни центри за деца со посебни потреби" истакна градоначалникот Трајановски.

# НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО на ВИОЛЕТА ДИМОСКА

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, додели **НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО на ВИОЛЕТА ДИМОСКА,** *како израз на признание и благодарност за успешното делување и развој на организацијата, создавање на услови и сервисни служби за достоинствен живот на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во Република Македонија.*



# Прием кај Претседателот на Република Македонија

Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, во пресрет на Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3 Декември, на 30 ноември 2016 година прими претставници од Националниот совет на инвалидските организации на Република Македонија, меѓу кои и Чедомир Трајковски, Претседател на РЦПЛИП - ПОРАКА.

Претставниците на НСИОМ го информираа претседателот Иванов за положбата на лицата со попреченост, за предизвиците со кои тие се соочуваат, како и за постигнатите резултати во однос на имплементирањето на меѓународните норми од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Претседател на Република Македонија изрази поддршка за активностите на инвалидските организации и порача дека, како досега така и во иднина, ќе се залага за понатамошно унапредување на правата на лицата со инвалидност, преку подобрувањето на законската легислатива, но и преку нејзиното доследно спроведување.

## Активности на НСИОМ и здружените членки

# Централна манифестација за одбележување на 3 декември, меѓународен ден на лицата со попреченост

***Националниот совет на инвалидски организации на Република Македонија оваа година 3 декември, меѓународен ден на лицата со попреченост, го одбележа во соработка со своите организации членки во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз".***

По повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост, Националниот совет на инвалидски организации на Република Македонија во соработка со своите организации членки одржа конференција на тема „Постигнување на 17 цели за одржлив развој за да ја градиме иднината која ја посакуваме". Трибината се одржа на 3 декември во просториите на Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз". На конференцијата присуствуваа претставници на поголем број државни и локални институции, невладини организации и заинтересирани граѓани.

Во рамките на темата на конференцијата свои видувања дадоа претседателите на организациите членки на НСИОМ. Претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, Чедомир Трајковски говореше за унапредување на правата од социјална заштита, односно изедначување на третманот и надоместоците на биолошките семејства на деца/лица со интелектуална попреченост со згрижувачките семејства.

Свое излагање на централната манифестација имаше и претставникот од Министерството за труд и социјална политика, г-ѓа Слободанка Лазова – Здравковска. Ви го пренесуваме нејзиното излагање во целост.

Почитувани,

Најпрвин дозволете ми од мое лично име и од име на Министерката за труд и социјална политика, д-р Фросина Ташевска-Ременски која што поради оправдани причини поврзани со одбележување на денешниов ден, не можеше лично да Ви се обрати, да Ве поздравам сите Вас присутни денес, кога го одбележуваме меѓународниот ден на лицата со инвалидност 3 декември, кој што уште од далечната 1992 година, Организацијата на Обединетите Нации го има прогласено како таков, првенствено да се унапреди свеста и да се мобилизира поддршката од сите нас заедно, а тоа е вклучување на лицата со инвалидност во општеството и нивен целосен развој, со што треба да изградиме едно попристапно општество за сите нас и во кое што ќе ги уживаме основните човековите права сите ние подеднакво.

Годинешнава тема на овој меѓународен ден е „Постигнување на 17 цели за иднина која што ја посакуваме", што подразбира дека оваа тема опфаќа 17 одржливи и развојни цели и улогата која што овие цели ја имаат во изградбата на еден поинклузивен и еднаков свет за сите лица кои што имаат некаков вид и степен на инвалидност.

Главната тема упатува на тоа дека лицата со инвалидност во Република Македонија се уште се исклучени од општеството и живеат на неговите маргини и поради тоа сите ние со заеднички сили треба во континуитет да го промовираме отстранувањето на сите видови на бариери, вклучително и оние кои што се однесуваат на пристапот во средината која што не опкружува, информациите, комуникациската технологија или некои други дополнителни бариери.



Исто така, оваа година целите го вклучуваат и пристапот на нас како држава кон постојниот статус на ОН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, која што патем Република Македонија заедно со Факултативниот протокол како 107 држава ја ратификуваше на 05.12.2011 година, со што на лицата со инвалидност требаше да им се овозможи многу повеќе да ги уживаат своите основни човекови права, кои што впрочем не се никакви нови права, туку напротив истите претставуваат една општа глобална рамка каде што основните човекови права ќе бидат подеднакво уживани и од страна на лицата со инвалидност.

Истовремено, оваа 2016 година е јубилејна година кога точно се одбележува една деценија од донесувањето на ОН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, еден од најпознатите и најбрзо донесени и ратификувани меѓународни документи, направени од страна на ООН до денес.

Почитувани,

Република Македонија ја гарантира еднаквоста и рамноправноста на своите граѓани. Имено, согласно член 9 од Уставот на Република Македонија „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и

## Активности на НСИОМ и здружените членки

верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви."

ОН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност е еден значаен репер документ кој што укажува на тоа како треба да се обезбеди уживањето на човековите права и основните слободи на лицата со инвалидност и во Република Македонија. Истата заедно со другите меѓународни инструменти за човекови права и развој, претставува една сеопфатна меѓународна рамка која што е формирана со цел да го води националното креирање на политики и законодавство, вклучувајќи и градење на едно поинклузивно општество за сите нас заедно.

Десет години подоцна, одговорно тврдам дека се уште не се бележи задоволителен напредок онаков како што заслужувате сите Вие во Република Македонија, во однос на она што значи спроведување на ОН Конвенцијата, формулирање и спроведувањето на соодветни законски решенија, стратегии, политики и програми кои што промовираат еднаквост, вклучување и оспособување на сите Вас, лицата со инвалидност во нашето општество.

Зошто ова го велам. Министерството за труд и социјална политика во делот на своите законски надлежности кои што ги има во областа на заштитата на лицата со инвалидност, со голема загриженост ја прими и ја следи информацијата поврзана со новонастанатата ситуација која што е поврзана со набавка на ортопедски помагала кои што се наменети за лицата со телесна инвалидност и за која што пошироката јавност се уште нема целосна слика што навистина се случува.

Истовремено, се уште постои празнина во системот на давање на услуги во делот на раната идентификација на попреченоста, постојните услуги не соодветствуваат на постојните потреби на родителите во однос на тоа колку услугите се ориентирани кон развојот на децата, системот на заштита се уште недостасуваат меѓуресорските врски помеѓу услугите, со што истите би станале пофлексибилни и повеќе ориентирани кон потребите на лицата со инвалидност како крајни корисници, креирањето на политиките за социјалните услуги наменети за лицата со попреченост се уште е многу централизирано, центрите за социјална работа се уште во целост не успеваат да ја играат својата улога на чувари на капијата и точка за упатување на децата и возрасните со попреченост поради голем број на системски ограничувања поврзани со нивното учество во донесувањето на одлуки, планирање на услугите, недостаток на обучен кадар кој што може да делува на терен, неможност да се изнајдат и развиваат алтернативни услуги на локално ниво, итн., итн.

Со еден збор, МТСП како и сите останати субјекти во државата кои што се одговорни да се грижат за остварување на сите законски права на лицата со инвалидност, сака и бара да се заштитат сите Ваши права, со цел еднакво и целосно да го уживате животот со останатите граѓани во РМ, на што впрочем укажува и ОН Конвенцијата за прават на лицата со инвалидност која што Собранието на Република Македонија ја ратификуваше на 05.12.2011 година и на која што очигледно се потсетуваме на еден ден во годината, а тоа е денешниот 3.12.

Токму поради ова, работите мора да ги движиме напред многу побргу, со многу повеќе конкретни активности и мерки со цел да се отстранат бариерите со кои што Вие секојдневно се соочувате, да се создадат достапни услови и да се обезбедат еднакви можности за учество на сите Вас лицата со инвалидност, како најважни двигатели за промени во остварувањето на 17-те одржливи цели за развој на една надежна и просперитетна иднина, која што сите ние заедно си ја посакуваме за сите нас.

Во рамки на конференцијата Националниот совет на инвалидските организации на Македонија на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, му додели признание и плакета за исклучителниот придонес и заслуги за подобрување на правата на лицата со попреченост.



- Сакам да Ви го честитам 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост. Градот Скопје прави напори што е можно повеќе да ги подобриме условите за живот на лицата со попреченост и инвалидност. Градот Скопје за поддршката на сите категории на лица со попреченост, дали преку поддршка на конкретни мерки или поддршка за здруженија, годишно одвојува околу 50 милиони денари. За лицата со интелектуална попреченост Градот Скопје го финансира функционирањето на двата дневни центри, каде овие лица имаат можност да се дружат и да се стекнуваат со вештини коишто може да им го олеснат животот. За лицата со потешка телесна попреченост Градот Скопје обезбедува бесплатен превоз со 4 специјални возила, за што годишно одвојуваме 9 милиони денари. Дополнително, даваме 35 милиони денари за превоз на лицата со попреченост за користење на јавниот превоз. Оваа година, Градот Скопје одвои 1,5 милиони денари за новиот проект, каде двете спортски сали во СУГС „Михајло Пупин" и СУГС „Здравко Цветковски" се прилагодени за вежбање на лицата со различен тип на инвалидност, каде тие можат да вежбаат и да се рекреираат. Ние овој проект ќе го продолжиме и во иднина и ќе се залагаме за отворање и адаптирање на што е можно поголем број на спортски објекти, со цел истите да бидат поблиску и да бидат попристапни до лица со посебни потреби – кажа градоначалникот Трајановски.

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# Да ги развиваме заедно сервисните служби на утрешнината

# Не попреченоста, туку способноста на лицето е тоа што е важно!

***Во периодот од 19 – 21 октомври 2016 година, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост - ЕАСПД организираше низа настани по повод 20 годишнината од своето делување.***

По повод својата 20годишнина, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) на 20 октомври организираше конференција „Да ги развиваме заедно сервисните служби на утрешнината". Преку 250 делегати од цела Европа учествуваа во дискусиите за заедничко развивање на сервисните служби за поддршка на утрешнината, со што ќе се овозможи целосна инклузија во општеството за лицата со попреченост. Конференцијата беше организирана во соработка со Европскиот форум за попреченост, Европската мрежа за самостојно живеење, Европска Инклузија, Ментално Здравје Европа и Конфедерација на организации на семејствата Европа.

Marianne Thyssen, Европскиот комесар за вработување, социјални работи, мобилност и вештини ја отвори конференцијата на ЕАСПД и потенцираше дека „не попреченоста, туку способноста на лицето е важна. Од нас, креаторите на политики, зависи создавањето на вистинските рамковни услови, овозможувајќи им на лицата да ги искористат до најголема мера нивните способности. Вие, како обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, ја имате клучната улога во овозможувањето самостојното живеење да стане реалност на теренот. Вашиот глас е важен и токму поради тоа, од голема важност е да ги воспоставите вистинските структури за ова јасно и гласно да се чуе на европско ниво!"

Yannis Vardakastanis, претседател на Европскиот форум за попреченост, ги истакна пресвртниците за движењето за попреченоста во изминатите 20 години, вклучувајќи го и член 13 од Амстердамскиот договор, организирањето на Европската година на лица со попреченост (2003) и усвојувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост од страна на ЕУ. Сепак, тој нагласи дека ЕУ и државите членки треба да го признаат влијанието што го имаа мерките за штедење врз обезбедувањето сервисни служби. „Илјадници лица со попреченост во Европската унија се уште се во институции или се соочуваат со институционализација во сопствените домови поради недостигот на сервисни служби". Тој исто така ја истакна важноста на одржливост за да се задржи висок квалитет, индивидуализирани сервисни служби на долгорочна основа и повика за „институционален договор со цел Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост да се вклучи во редовните текови во сите ЕУ институции на ефективен, кохерентен и координиран начин."

За време на конференцијата официјално се промовираше заедничка декларација за заедничко развивање на поддршката во утрешнината, која е потпишана од ЕАСПД, Европскиот форум за попреченост, Европската мрежа за самостојно живеење, Европска Инклузија, Ментално Здравје Европа и Конфедерација




на организации на семејствата Европа. Заедничката декларација се стреми да обезбеди генерално разбирање за насоката која треба да ја имаат сервисните служби за поддршка за да овозможат целосна инклузија, како и споделена заложба кон заедничко работење за да се постигне оваа цел.

Во рамките на одбележувањето на 20 годишнината ЕАСПД организираше и изложба на фотографии „Откриени и сокриени" која беше отворена во галеријата Saint – Gery во Брисел, а имаше за цел низ 20 фотографии кои беа избрани на конкурс во текот на 2016 година, да ја прикаже улогата и значењето на социјалните сервисни служби за поддршка на лица со попреченост. За време на настанот беа прогласени најдобрите три фотографии, а исто така настапи инклузивниот хор на лица со и без попреченост од Ирска.

Централниот настан за одбележување на 20 годишното делување на ЕАСПД беше одржан во Европскиот парламент, со гала вечера која беше исполнета со обраќања од пратеници од Европскиот парламент, претставници на Европска комисија – Сектор за попреченост и инклузија, Претседателот на Европскиот форум за попреченост, Претседател на Европската социјална платформа, Претседателот на Социјални сервисни служби – Европа, како и Претседателот, Генералниот секретар и основачите на ЕАСПД. За време на настанот беше истакната улогата на сервисните служби како исклучително важна алка во обезбедувањето на квалитетен живот за лица со попреченост. Исто така, беше одржана церемонија за доделување на награди за животно дело на двајца истакнати активисти г-ѓа Marie-Josй Schmitt, која е основач на првите центри за лица со аутизам во Франција пред 40 години, и професор Gerard Quinn, кој е водечки правен експерт во областа на права на лица со попреченост од Ирска.

За време на одбележувањето на јубилејот, ЕАСПД одржа и генерално собрание кое имаше изборен карактер. На наше големо задоволство, Др. Василка Димоска е повторно избрана во следниот четиригодишен мандат за член на Управниот одбор на ЕАСПД, што е голема придобивка за понатамошна успешна работа на РЦПЛИП – ПОРАКА.

Партнерства на РЦПЛИП - ПОРАКА во европски проекти

# Активности во рамките на проектот
# “Рана инклузија преку взаемно учење”

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА продолжува со учеството како партнер организација во конзорциум со 10 партнери во Европскиот проект насловен како „Рана инклузија преку взаемно учење", кој е поддржан од Австриската агенција за меѓународна соработка, а се реализира во рамките на Еразмус+ програмата. Проектот се фокусира на зголемено знаење и споделени методи за работа со деца од предучилишна возраст кои имаат попреченост или се во ризик да стекнат попреченост. Проектот има за цел да пренесе информации, конкретни методологии и процена на компетенции.

Во изминатиот период, РЦПЛИП – ПОРАКА беше во директна комуникација со конзорциумот на партнерски организации, предводен од австриската организација Sinn-Evaluation. Во рамките на проектот, продолжија редовните активности, согласно проектниот распоред. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА работеше на унапредувањето на алатките кои се овозможени со овој проект. Поточно се работеше за унапредување на алатката: Пазар за методи на инклузија што претставува самоорганизирана методолошка онлајн размена на искуства. Активностите се однесуваат на адаптација на онлајн платформата за размена на искуства меѓу професионалците и се поставуваа позитивни искуства и практики од работата со лица со интелектуална попреченост. Исто така, беа преземени голем број активности од технички карактер, пред се за превод и адаптација на информативни материјали.

Во периодот 25 - 26.10.2016 година во Скопје се одржа редовен состанок на проектните партнери чиј домаќин беше Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА. На состанокот проектните партнери имаа можност да разговараат за извештајот од проектот кој беше поднесен до Австриската агенција за меѓународна соработка. Исто така, се разгледуваа и преземаните активности во рамки на проектот, како и преглед на активностите кои следат за реализација во наредниот период.



# Повик за пријавување за обуки – Бесплатен курс за обука за Disability Leaders of Tomorrow!

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје ги поканува професионалците, волонтерите, социјалните претприемачи или истражувачите кои делуваат во областа на обезбедување на сервисни служби за лица со попреченост да се пријават за кандидати за обука во проектот Disability Leaders of Tomorrow (D-LoT).

ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје учествува во **Disability Leaders of Tomorrow (D-LoT) project (www.dlot.eu),** транснационален проект развиен од **EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities (www.easpd.eu)** за градење на капацитетите на обезбедувачите на сервисни служби во централна и источна Европа. Бараме кандидати за обука кои ќе учествуваат во **иновативно скроена програма за обука** што ќе се одржи од **јануари до април 2017 година**. Програмата опфаќа:

**1. Онлајн курс за обука:** избраните кандидати ќе следат сеопфатна онлајн обука (на англиски) составена од 10 модули кои ги опфаќаат најзначајните резултати од учењето за менаџерски позиции во секторот за обезбедување на сервисни служби за лица со попреченост. Платформата, исто така, содржи центар на знаење со корисни информации и ресурси за поддршка на нивното искуство од учењето. Сесиите за обука (онлајн и/или лице во лице) ќе бидат организирани да ги обучат учесниците за користење на платформата и ќе добијат поддршка од ментор од Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје за време на целото траење на онлајн обуката.

**2. Работилници:** Избраните кандидати ќе имаат можност да учествуваат во серија на обуки на однапред утврдени теми;

**3. D-LoT Алумни Мрежа**: учесниците ќе добијат сертификат од обуката и ќе имаат можност да станат дел од D-LoT Алумни мрежата, Европска мрежа за размена на знаења во однос на обезбедувањето сервисни служби за лица со попреченост.

**Сите детали околу повикот се достапни на www.poraka.org.mk.**

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одбележување на 3 декември, меѓународен ден на лицата со попреченост на локално ниво

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Струмица** на **02.12.2016 година** со почеток од 18:00 часот во Дом на АРМ – Струмица организираше хуманитарна изложба по повод одбележување на 3 декември – меѓународниот ден на лицата со попреченост. Пред официјалното отворање на изложбата, присутните гости имаа можност да проследат програма подготвена заедно со ученици и стручниот тим од ООУ „Видое Подгорец" – Струмица, ученици/музичари од ООМУ „Боро Џони" – Струмица и игроорци од Ансамбл „Тримери" – Струмица. Програмата ја водеа двајца волонтери од Младинскиот клуб при Општинската организација на Црвен крст – Струмица, а исто така претставник од Црвен крст се обрати во име на организацијата за искуствата и соработката со ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица. По обраќањето на претставникот од Црвен крст, свое претставување имаа учениците од ООУ „Видое Подгорец", Струмица преку подготвена претстава со наслов „Седумте гранчиња", која беше во духот на македонската народна традиција и фолклор. По кратката претстава на учениците, следуваше музички настап на ученици од ООМУ „Боро Џони", Струмица, кои беа облечени во македонски народни носии и свиреа македонски народни песни на тапан и кавали. По музичката точка следуваше перформанса на игроорците од Ансамблот „Тримери" – Струмица, а членовите на Социјалниот клуб на крајот од настапот им се придружија на игроорците, облечени во народни носии, и заедно изиграа македонско оро. По завршување на настапите, претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, Соња Сачевска и членовите на Социјалниот клуб доделија благодарници на поддржувачите и соработниците. По врачувањето на благодарниците официјално беше отворена изложбата. На хуманитарната изложба беа претставени креации од серијата креативни работилници кои ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица ги реализираше во текот на 2016 година заедно со млади (ученици во општински основни и средни училишта и членови на младински локални организации) и членови на културно-уметнички друштва, фолклорни музички групи и организации. Овие работилници беа дел од Годишната програма за работа за 2016 година, финансирана од Општина Струмица и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА. Присутните гости на изложбата, за симболична сума, можеа да ги купуваат ракотворбите и украсите, а парите собрани од продажбата на креациите ќе бидат искористени за опремување на Социјалниот Клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица со потребните дидактички материјали за работа.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар** организираше повеќе активности за одбележување на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост. Во времето од 5-ти до 25-ти ноември 2016 година траеше конкурсот за ликовни и литературни творби на тема „Нашата мака подадена рака сака" за учениците од основните училишта и средното општинско училиште „Крсте П. Мисирков". На 2-ри декември Центарот за поддршка на лицата со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар во соработка со основните училишта и здружението на пензионери, а под покровителство на Градоначалникот на општината и локалната самоуправа во просториите на клубот на пензионери во Домот на пензионерите Демир Хисар го одбележа овој ден под мотото „Нашата мака подадена рака сака". На одбележувањето присуствуваа претставникот на локалната самоуправа Даниела Карчевска, училиштата, установи, институции, невладини организации, здруженија на граѓани, наставници, професори, бизнис секторот, членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар – волонтери и други граѓани. Присутните ги поздрави г-дин Љубе Димчевски, претседател на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, и потоа ги презентираше активностите што организацијата ги реализирала во 2016 година. За значењето на меѓународниот ден на лицата со попреченост зборуваше Златко Бошевски – член на комисијата за образование и култура. Во рамките на свеченоста беа прогласени најдобрите литературни и ликовни творби од основното и средното образование од распишаниот конкурс: „Нашата мака подадена рака сака". На наградените им беа доделени награди во книги од познати демирхисарски писатели што ги обезбеди домот на културата – народна библиотека „Петре М. Андреевски" Демир Хисар. За даден придонес во отворање на социјалниот клуб беа врачени благодарници на: ЈКП „Комуналец" Демир Хисар и на СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар. Посебна благодарност





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

се даде на учениците волонтери на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар кои во соработка со клубот на млади од Црвениот Крст собраните средства во висина од 6.100 денари ги донираа за набавка на мини шпорет и греалка за потребите на социјалниот клуб. На крајот беше отворена изложба на ликовни творби на тема „Нашата мака подадена рака сака" нацртани од учениците кои учествуваа на конкурсот.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Тетово** активностите за одбележување на меѓународниот ден на лицата со попреченост ги реализираше на 1 и 2 декември 2016 година. На 01.12.2016 година во 12 часот во културниот дом „Иљо Антевски – Смок" Тетово, од учениците од посебните паралелки при ООУ „Лирија" Тетово, од ООУ „Симче Настовски" од с. Вратница и децата од Дневниот центар во Тетово беше организирана културно – уметничка програма. За особен придонес и успешна соработка со организацијата на „Вешта жена" на претседателката на организацијата „Вешта жена", г-ѓа Снежана Стојановска и беше доделена благодарница. На 02.12.2016 година претставници од ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово оствариjа работен состанок со градоначалничката на општина Тетово, г-ѓа Теута Арифи, каде беше разговарано за проблемите и потребите на лицата со интелектуална попреченост во севкупниот општествен живот. На овој ден следеа и низа други настани кои се реализираа во рамки на основните училишта во општина Тетово, а кои беа организирани во соработка со посебните паралелки во овие училишта. Во одбележувањето на 3 декември се вклучи и Државниот Тетовски Универзитет каде на 02.12.2016 година се организираа спортски натпревари за учениците од посебните паралелки во ООУ „Лирија", а на 05.12.2016 година студентите од отсекот дефектологија заедно со ученици од посебните паралелки во ООУ „Лирија" одржаа културно-уметничка приредба.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш** со свои активности на локално ниво го одбележа 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост. Лицата со интелектуална попреченост, корисници на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш се вклучија во активности и работилници каде се промовираат нивните можности и способности преку образование заедно со ученици од основните училишта, култура и социјални активности во средини кои им се познати и достапни. На 29.12.2016 година во просториите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш се реализираше ликовна работилница заедно со ученици од ООУ „Никола Карев" со цел да се промовираат способностите за уметничко изразување и творење. На оваа работилница се изработија декоративни сувенири од најразлични материјали кои беа од продажен карактер на ликовната изложба по повод 3 декември. На 2.12.2016 година во просториите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш се одржа свечено одбележување на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост на кое присуствуваа претставници од Советот на Општина Радовиш, претставници на фирми од



приватниот бизнис сектор, претставници на јавни институции, центарот за социјална работа, фонд за здравствено осигурување, Здравствен дом, фонд за пензиско и инвалидско осигурување, детски градинки, основни училишта и средното училиште, невладини организации и родители на лица со попреченост, како и локални медиуми. За збогатување на програмата придонесоа и учениците од СОУ „Коста Сусинов" Радовиш кои се претставија со театарска претстава од проектот на УСАИД за инклузивно образование под мотото „Сите ние сме еднакви". Присутните ги поздрави претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш, а краток осврт за значењето на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост, правата, потребите и можностите на лицата со попреченост, нивната интеграција во општествениот живот даде Татјана Костадинова, ангажирана во дневниот центар – ПОРАКА Радовиш. Во тековната година на сите поддржувачи на дневниот центар како сервисна служба, им се доделија благодарници. По повод 3 декември во спортската сала на ООУ „Крсте Петков Мисирков" се одржа кошаркарски натпревар меѓу корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш и учениците од ова училиште. Во просториите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш се реализираше изложба на рачни изработки и сувенири на корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш која имаше продажен карактер, а собраните средства ќе бидат наменски искористени за купување на работни материјали за реализирање на работно-окупационите активности во дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје** во рамките на програмата за одбележување на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост реализираше низа активности. На 2.12.2016 година во просториите на дневниот центар на ПОРАКА Скопје во населбата Аеродром беше организиран отворен ден за соработниците на организацијата и дневните центри. На истиот ден беше доделена Плакета на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, за континуираната поддршка на функционирањето на сервисните служби на РЦПЛИП – ПОРАКА на територијата на Град Скопје. На 29.11. и на 2.12.2016 година се реализираа спортски активности со тренери од факултетот за физичка култура и корисниците на услугите на дневните центри на ПОРАКА Скопје. Активностите се спроведоа со поддршка на Град

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА



Скопје во спортската сала на ГУЦ „Здравко Цветковски". ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје активно се вклучи во Фејсбук кампања за правата на лицата со попреченост во однос на сексуалното и репродуктивно здравје. Кампањата се одвиваше во периодот од 25.11.2016 до 04.12.2016, беше организирана од страна на Х.Е.Р.А. – асоцијација за здравствена едукација и истражување. Активно учество зеде корисник од дневниот центар на ПОРАКА Скопје во населба Аеродром чија фотографија беше на насловната страна на Фејсбук страницата на Х.Е.Р.А. притоа испраќајќи порака со содржина за правата на лицата со попреченост во однос на сексуалното и репродуктивното здравје. На 1.12.2016 година се спроведе работилница со студентите од Факултетот за ликовна уметност – Институт за графика и корисниците на дневните центри на ПОРАКА Скопје. ЦПЛИП – ПОРАКА зеде учество на конкурс за уметничко дело на тема „Волонтери за социјално вклучување – Стереотипи во општеството". Изложбата трае до февруари 2017 година. ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје зеде учество на НВО Саем на Град Скопје на 06.12.2016 година кој се организираше во просториите на Младинскиот културен центар. Саемот го организираше Волонтерски Центар Скопје, со поддршка од Град Скопје.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Крива Паланка** подготовките околу одбележувањето на меѓународниот ден на лицата со попреченост ги започна на почетокот од месец ноември кога започна со конкурс за изработка на ликовни творби, поезија и проза. На 29.11.2016 година се избраа најдобрите, односно по три најдобри во секоја од трите категории. Во рамки на програмата за одбележување на 3 декември, како и секоја година така и оваа, ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка, односно нејзини претставници, посетија три семејства, едно во с.Опила и две во Крива Паланка на кои им доделија скромни подароци. Централното одбележување на меѓународниот ден на лицата со попреченост се одржа на 01.12.2016 година во спортската сала на ООУ „Илинден" со почеток во 11 часот каде учествуваа преку 200 ученици од трите основни училишта со нивна програма од различни училишни секции. Учество зедоа и корисниците на дневниот центар во Крива Паланка. Присутни на настанот беа голем број на наставници, професори, родители, претставници од јавните институции. Настанот беше медиумски покриен од регионалната телевизија.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Штип** со разновидни активности го одбележа меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 23.11.2016 година во 17:00 часот во просториите на народната библиотека во Штип беше отворена изложба на ракотворби и цртежи од членовите ЦПЛИП – ПОРАКА Штип. Изложбата се организираше во соработка со здружението за помош на социјално исклучени лица и ризични групи ЦИВИТАС. Отворањето на изложбата започна со читање на стихозбирки, а свое излагање имаше претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип, Лилјана Крстева, како и Соња Манева од народната библиотека „Гоце Делчев". Големата посетеност на изложбата беше поттик за понатамошно работење и унапредување на соработката со оваа организација. На 02.12.2016 година членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип присуствуваа на настан организиран од средното училиште „Искра". Истиот ден членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип ја посетија народната библиотека „Гоце Делчев" при што имаа можност да ја проследат проекцијата на серијата „Расказ за Пинокио".Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип ги нацртаа своите дланки на голем лист хартија кој се закачи на дрвото на пријателство кое се наоѓа во библиотеката. На 03.12.2016 се одржа трибина во ЗИО – Штип на која учествуваа голем број од чинителите во областа на попреченоста во општината, како и бизнис секторот со кој ЦПЛИП – ПОРАКА има остварено соработка. Дел од нив, доделија и скромни подароци, и тоа конфекција „ДА", „АНГЕЛО", сушара „ЛАРС", маркети „КИТ-ГО Европа", како и светите



храмови Св.Никола и Св.Петка. Трибината беше медиумски покриена од локалните и националните медиуми. На 05.12.2016 година ЗИО-Штип организираше забава во хотел „ИЗГРЕВ". На забавата присуствуваа 14 члена од ЦПЛИП - ПОРАКА Штип. Таа вечер се избираа најхумана личност и најразигран пар за 2016 година, а ЦПЛИП -ПОРАКА Штип ја имаше таа чест и двете награди да им припаднат на нивни членови. Стојка Гапева ја доби наградата за најхумана личност за 2016, а Лидија Златева и Методи Стоиманов за најразигран пар.

По повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Велес** спроведе различни активности. На 28.11.2016 година, ЦПЛИП – ПОРАКА Велес одржа работилница на тема „Подај рака – заедно сме посилни" на која учениците од ПОУ „Маца Овчарова" се дружеа и изработуваа експонати

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

со своите другари од дневниот центар за лица со пречки во развојот во Велес. На 30.11.2016 година, членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Велес, традиционално учествуваа на Републичката ликовна работилница во ПОУ „Маца Овчарова".

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Македонска Каменица** овогодинешното одбележување на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост го започна со хуманитарен настан во соработка со здружението „Бели Гулаби", Општина Македонска Каменица и КИЦ Романса. Овој настан беше проследен со изложба на уметнички творби изработени од членовите на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Македонска Каменица, која имаше продажен карактер. Лајонс клубот од Скопје донираше 100.000 денари, а донацијата се реализираше преку ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица. Средствата ќе бидат наменети за доопремување на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост кој наскоро треба да се отвори во Македонска Каменица. Во собирањето на финансиските средства учествуваа НЛБ, Lynx Resources, Рудник за олово и цинк „Саса", мобилниот оператор ВИП, Раде Кончар, Хаус Мајстор, FMS, Агротехна, Руле Турс, Copin Sardich, odmori.mk и други. На настанот присуствуваа и г-дин Максим Прохоров, директор за развој и инвестиции во Рудникот „Саса", членови на Лајонс клубот, д-р. Дарко Митревски, градоначалник на Општина Македонска Каменица и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица. Градоначалникот на Општина Македонска Каменица им додели скромни подароци на членовите на организацијата.



Овогодинешното одбележување на меѓународниот ден на лицата со попреченост **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Виница** го организираше на 02.12.2016 година со отворање на изложба од рачно изработени новогодишни честитки и мини креации од глина кои беа направени во рамките на проектот „Керамички работилници" реализиран од страна на Музеј „Теракота". На одбележувањето присуствуваа претставници на локалната власт, бизнис секторот, основните и средното училиште и јавните и државните институции во општината. Изложбата на делата од керамичката работилница беше продажна, а средствата ќе бидат наменети за купување лента за трчање во дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост во Виница.



По повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост, **Центарот за поддршка на лицата со интелектуална попреченост – ПОРАКА Прилеп** во Домот на културата Марко Цепенков организираше одбележување на овој ден со трибина по наслов: „Сите сме различни, сите сме исти", вклучувајќи ги учениците од средното медицинско училиште „Ѓорче Петров" од Прилеп, волонтерите од ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп и други останати гости. На трибината присуствуваше градоначалникот на Општина Прилеп, Марјан Ристески, пратеници, претставници од повеќе училишта, други гости кои ја поддржуваат работата на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп. Трибината започна најпрво со кратко обраќање на претседателот на ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп, Раде Аљакоски. Потоа следеше излагањето на психологот волонтер од Peace Corps Macedonia, Sabrina Noel, која ги искажа своите впечатоци и видувања од нејзиното ангажирање во ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп. Одбележувањето продолжи со презентација на Александра Симоноска дефектолог-волонтер во ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп за целите и активностите на организацијата и на социјалниот клуб што функционира во рамките на истата. Воедно, ги нагласи правата и интересите на лицата со интелектуална попреченост. Во рамките на трибината следеше и промоција на книгата Живот вреден за живеење во која се опишани 15 животни приказни на семејства на лица со попреченост од страна на новинарката Мимоза Петревска-Георгиева, родител на дете со Даунов синдром. После нејзиното излагање следеше забавниот дел кој започна со драма на англиски јазик во изведба на ученици од англиската секција на медицинското училиште „Ѓорче Петров", а под раководство на професорката по англиски јазик Елизабета Милошеска. Потоа следеше драмската секција од истото училиште со изведба на комедијата Луда куќа под раководство на професорката по македонски јазик Билјана Тинтоска која што предизвика воодушевување и наиде на доста позитивни коментари од страна на присутните. Петчлената женска музичка група од медицинското училиште заедно со Александар Велков на гитара и Давид Аљакоски на синтисајзер се претставија со две музички

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА





нумери со што ги задоволија интересите и на најмладите, но и оние повозрасните. На крајот следеше доделување на благодарници на оние кои безусловно и хумано подадоа рака на корисниците на центарот и учествуваа во реализирање на активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп.

Оваа година, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Дебар** по повод меѓународниот ден на лицата со попреченост организираше јавна трибина на која учество зедоа претставници од јавните институции на локално ниво, претставници од невладини организации, и соработници од Република Албанија. Трибината започна со презентација на спроведените активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар во текот на годината страна на претседателот на организацијата, Беким Аме. Соработниците од Република Албанија, инаку логопеди во сервисни служби во Тирана, ги пренесоа нивните искуства од работата со лицата со интелектуална попреченост. Трибината продолжи со дискусии околу потешкотиите на кои наидуваат лицата со интелектуална попреченост во сите сфери на живеењето, како и со потребите кои треба да се задоволат за поуспешно вклучување на овие лица со секојдневното живеење. Претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар заедно со логопедите од Албанија остварија средби со персоналот во двете основни училишта во Дебар при што се разменија искуства од работењето и се презентираа добри практики.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Битола** предвиде и спроведе неколку активности за одбележување на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 03.12.2016 година, се одржа јавна трибина во просториите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола. За време на настанот говореа претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, Слободан Велковски, психологот Ирена Милевска, за на крај да се вклучат и присутните со свои прашања и размислувања, а воедно ги споделија и своите искуства и проблеми со кои се соочуваат во своето живеење. На 06.12.2016 година претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола присуствуваа во информативна емисија на локалната телевизиска станица, каде ги истакнаа проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост но и нивните потреби во рамките на секојдневното живеење во заедницата.

Согласно предложената тема од Обединетите нации за одбележување на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост „Постигнување на 17 цели за одржлив развој за да ја градиме иднината која ја посакуваме", **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Гевгелија**, организираше работна средба на оваа тема. Присутни беа градоначалникот на Општина Гевгелија, претставници на институциите кои делуваат во областа на попреченоста на локално ниво и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија, како и претставници на организациите на лица со телесен инвалидитет и слепи лица. Се отворија неколку теми за дискусија, особено активното вклучување на лицата со интелектуална попреченост на пазарот на трудот, како и можноста за пристап до информации. Исто така се разговараше и за пречките со кои лицата со попреченост се судруваат во секојдневниот живот во градот. Градоначалникот на Општина Гевгелија, Иван Франгов, во потполност ги подржа дадените предлози и вети дека ќе се заложи, во рамките на неговите надлежности, што побрзо тие проблеми да се отстранат и во иднина на овие лица да им се овозможи што е можно понормално движење низ градските сообраќајници, подобар пристап до државните институции и помош за подобро функционирање на нивните здруженија. Исто така тој вети прилагодување на новоизградените тротоари за полесно движење на овие лица, Франгов ги информираше дека општина Гевгелија во целост го почитува законот за задолжително вработување на инвалидизираните лица во општина Гевгелија и таа е меѓу ретките во земјата која има вработено лица и во општинската администрација и во претпријатието Македонски шуми. Во рамките на надлежностите, тој истакна дека ќе се предложи во наредниот буџет да влезат средства за субвенционирање на превозот на инвалидизираните лица од населените места во градот Гевгелија. На 02.12.2016 година во просториите на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија се одржа квиз натпревар на кој учествуваа членовите на социјалниот клуб на оваа организација. Активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија беа проследени и од локалните медиуми.

## Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Учество на втор НВО Саем за волонтерство и активно граѓанство во Скопје




На 6-ти декември 2016 година, со почеток во 11 часот во Младинскиот културен центар - Скопје, по втор пат се одржа Саем за здруженија на граѓани за волонтерство и активно граѓанство на Град Скопје. Оваа година НВО саемот се одржа под мотото "Преку волонтерство до активно граѓанство".

На вториот НВО саем свои презентации имаа голем број на здруженија на граѓани и фондации кои се регистрирани на територија на Град Скопје, но и организации/фондации кои не се регистрирани во Скопје, но дел од своите активности ги спроведуваат за бенефит на граѓаните на Скопје. Меѓу нив на покана на Град Скопје, своите активности ги презентираше и Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје.

И оваа година учесниците за подобро вмрежување имаа можност да ги презентираат своите активности пред јавноста и другите здруженија, да разменат искуства и да дадат сугестии за понатамошна соработка, а беа организирани и три тематски мини дискусии.

Саемот за здруженија на граѓани за волонтерство и активно граѓанство на Град Скопје се организира како дел од активностите за одбележување на 5-ти декември, Меѓународниот ден на волонтерството. Овој саем е во организација на здружението на граѓани „Волонтерски центар Скопје", а финансиски е поддржан од Град Скопје.

# Соработка на ЦПЛИП – ПОРАКА Виница со музејот "Теракота" - Виница

Во организација на музејот „Теракота" се организираше петдневната керамичка работилница како проект финансиран со Програмата за финансирање на проекти од национален интерес за 2016 год. од страна на Министерството за култура на Р.Македонија. Проектот се реализира во соработка на музејот со ЦПЛИП -ПОРАКА Виница, Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост и ученици од основните училишта „Гоце Делчев" и „Славчо Стојменски" и средното училиште „Ванчо Прке" од Виница заедно со нивните наставници по ликовно образование. Работилницата се одвиваше во просториите на дневниот центар каде што се изработуваа предмети од глина и се декорираа веќе готови керамички предмети, а воедно се изработуваа и новогодишни честитки. Во рамките на проектот се реализираше и посета на градот Берово и манастирот св. Архангел Михаил, а и другите природни убавини и културно историски знаменитости. Како за завршеток на проектните активности се организираше хуманитарна изложба каде што се изложија сите предмети и истите се ставија на продажба. Собраните средства се наменети за потребите на дневниот центар. Изложбата се отвори на втори декември, а по повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост.




Овој проект има една благородна цел - да се прикаже различноста т.е. еднаквоста на сите учесници во работилницата. Идејата е будење на свеста на сите нас „останатите", на едно место заедно со лицата со попреченост меѓусебно да се дружиме, комуницираме, со единствен заклучок дека не треба и не смее да има разлики освен оние што луѓето сами ги создаваат. А зошто да не сме различни кога секоја различност има своја убавина.

## Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на двата дневни центри - ПОРАКА Скопје



Во текот на зимските месеци, дневните центри ПОРАКА Скопје продолжуваат со реализирање на континуирани спортски активности. Благодарение на добрата соработка со секторот за спорт и рекреација при Град Скопје, во спортската сала на СУГС „Здравко Цветковски", двапати неделно по еден час се практикуваат различни спортови под водство на професионални тренери ангажирани од страна на Град Скопје и волонтери на Црвениот крст. Со меморандум за взаемна соработка помеѓу ЦПЛИП- ПОРАКА Скопје и ООУ „Љубен Лапе", корисниците на дневниот центар ПОРАКА Скопје во населба Аеродром еднаш неделно спортуваат во спортската сала на ова училиште. Во СРЦ „Борис Трајковски", корисниците на дневните центри ПОРАКА Скопје еднаш месечно имаат можност да куглаат во куглaната која е во склоп на центарот.

Корисниците на дневните центри ПОРАКА Скопје на 19.10.2016 година го посетија Кино „Милениум" и ја проследија проекцијата на филмот „Домот за необични деца на госпоѓа Перегрин".

На 26.10.2016 година корисниците на двата дневни центри ПОРАКА Скопје го посетија локалитетот „Македонско Село" на падините на планината Водно. Притоа, имаа можност да ја набљудуваат особеноста на македонската традиционална архитектура. Во склопот на овој комплекс, корисниците посетија грнчарска работилница, работилницата за филигран и ткајачката работилница. Во грнчарската работилница активно учествуваа во боење грнци. На крајот од прошетката го посетија и етнолошкиот музеј кој е дел од овој локалитет.

Во изминатиов период дневните центри ПОРАКА Скопје реализираа и неколку заеднички работилници. Како плод на континуираната соработка со уметниците од Факултетот за ликовна уметност, во просториите на „Сули Ан" , се спроведоа неколку работилници за боење на стаклени и глинени садови. Во дневниот центар ПОРАКА Скопје во населба Капиштец се одржа работилница за декорирање на стаклени садови со уметникот Живко Поповски - Цветин наречена „Цвеќе на мирот". На 28.10.2016 година во просториите на дневниот центар - ПОРАКА Скопје во населба Аеродром се реализираше работилница за изработка на накит од мурано стакло која ја водеше сопственичката на продавница за накит во ТЦ „Бисер".





## Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица

ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица на 27.09.2016 година во ООМУ „Боро Џони" Струмица, одржа работилница под наслов „Со музика поблиску до народната традиција", која е во рамките на Годишната програма за работа за 2016 година, која ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица ја спроведува со финансиска поддршка на Општина Струмица. Работилницата беше во заедничка соработка со музичкото училиште во Струмица. Оваа активност има за цел приближување на народната традиција до лицата со интелектуална попреченост преку запознавање со народните музички инструменти. Преку оваа посета и заедничка работилница со учениците во музичкото училиште, лицата со интелектуална попреченост се запознаа со училиштето, учениците – млади музичари и наставниот и стручниот кадар.

Есенска подготовка на зимница – е мотивот на активноста која ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица 29.09.2016 ја реализираше во соработка со учениците од ООУ „Видое Подгорец" Струмица, заедно со дефектологот Тања Црвенковска, логопедот Гордана Тодорова и предметниот наставник Спасе Крстев. Преку практична работа, а по рецепт од нашите баби, сите заедно се запознавме со подготовка, пакување и конзервирање на сезонски зеленчук во корелација со наставниот предмет „Вештини на живеење". Во пријатна атмосфера, проследена со македонска народна музика, дел од учесниците изработија украси со елементи од македонскиот фолклор, кои беа декорот за наполнетите тегли со сезонски зеленчук.

Преку ора и песни, облечени во народни носии, децата и младинците - членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, на 13.11.2016 се дружеа со игроорците на КУД ТРИМЕРИ – Струмица. Оваа активност има за цел приближување на народната традиција до лицата со интелектуална попреченост. На средбата, членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица се запознаа со работата и настапите на КУД "ТРИМЕРИ" – Струмица, ги разгледаа нивните реквизити и заеднички вежбаа основни чекори на традиционалните македонски ора. Нашите членови разгледуваа модели на народни носии како инспирација за ракотворбите кои се изработуваат во социјалниот клуб во духот на народната традиција, а и самите тие беа облечени во народни носии и вежбаа основни чекори на македонски ора.





# Активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш на 10.11.2016 година реализираа еднодневна прошетка до Дојранското Езеро заедно со волонтерите и претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш. Оваа екскурзија беше спроведена во рамки на проектот „Општинско корисна работа", преку кој се вклучени волонтери во работата на дневниот центар, а истата беше финансиски обезбедена од Општина Радовиш.

Голем број од корисниците на дневниот центар за првпат имаа можност да се прошетаат по кејот на Дојранското Езеро и да ги видат неговите убавини. Воедно ги видоа и големиот број на риболовци кои го наоѓаат својот мир и се рекреираат со ловење риба. По прошетката по Дојранското Езеро, прошетката продолжи кон комплексот Цареви Кули во близина на Струмица. Корисниците имаа можност да го видат прекрасно уредениот простор со мала зоолошка градина и мал базен.



Оваа еднодневна прошетка заврши со посета на социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица каде корисниците на двете сервисни служби имаа можност повторно да се дружат, а ангажираните лица разменија искуства во поглед на работната окупација со корисниците.

# Наша Страница

## Официјално пуштен во употреба социјалниот клуб за лица со интелектуална попреченост во Демир Хисар

**Во присуство на голем број на членови, пријатели, соработници и поддржувачи на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар, на 6 октомври 2016 година во Демир Хисар, градоначалникот на општина Демир Хисар, Љупчо Блажевски, претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, Чедомир Трајковски и претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, Љубе Димчевски официјално го пуштија во употреба социјалниот клуб за лица со интелектуална попреченост.**





**Социјалниот клуб ќе функционира во рамките на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и ќе опфаќа лица со интелектуална попреченост од општина Демир Хисар. Просториите на клубот се наоѓаат во зградата на Здружението на пензионери – Демир Хисар и се отстапени на користење на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар од страна на ова здружение.**





**Во реновирањето и опремувањето на социјалниот клуб се вклучија Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, Општина Демир Хисар, ЈП Комуналец – Демир Хисар, СОУ Крсте Петков Мисирков, фирмата Руте Ѓрафика, како и други институции и компании од Демир Хисар.**

ISSN 0350-5863

ПОРАКА